**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ПРЕДЛАГАЧ: Стручната служба на Фондот

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

ИЗВЕСТИТЕЛ: Ajredin Amzai, пом.директор

# ОДЛУКА

## за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2018 година

Скопје, февруари 2019 година

Врз основа на член 157 точка 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на РМ“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 13/16, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18) и член 24 од Законот за сметководство на Буџетот и буџетските корисници (“Службен весник на РМ“ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на 27 февруари 2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2018 година

### Член 1

Се усвојува Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2018 година (во натамошниот текст: Фонд), со следните приходи и расходи:

**во денари**

| | **Планирани** | **Остварени** |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 68.645.000.000,00 | 68.852.469.300,00 |
| Пренесени средства од 2017 год. | | 1.353.448.698,00 |
| Вкупни расходи | 68.645.000.000,00 | 68.544.213.452,00 |
| Вишок на приходи | | 1.661.704.546,00 |

### Член 2

Планираните и остварените приходи по извори и видови на приходи и извршените расходи по основни намени се утврдени, и тоа:

| Шифра | ВИД НА ПРИХОДИ ОДНОСНО РАСХОДИ | РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ 2018 ГОДИНА со пренамени | ОСТВАРЕНО ВО 2018 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ** | **68.645.000.000,00** | **68.862.469.300,00** |
| | **ИЗВОРНИ ПРИХОДИ** | **39.105.000.000,00** | **39.337.369.676,00** |
| **712** | **Придонеси од плати за социјални фондови** | **37.810.000.000,00** | **37.990.407.657,00** |
| 712111 | Придонес од добивка за ПИО за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 449.000.000,00 | 442.618.596,00 |
| 712113 | Придонес од плати за ПИО за работници кај правни лица | 32.870.600.000,00 | 33.906.869.100,00 |
| 712114 | Придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 118.860.000,00 | 0,00 |
| 712116 | Придонес за ПИО на физички лица кои вршат самостојна дејност | 669.960.000,00 | 821.541.995,00 |
| 712117 | Придонес за продолжено пензиско и инвалидско осигурување | 24.690.000,00 | 18.618.883,00 |
| 712121 | Придонес за ПИО за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништа | 312.930.000,00 | 170.706.273,00 |
| 712122 | Придонес за ПИО за изминати години | 2.937.320.000,00 | 2.238.879.710,00 |
| 712124 | Придонес за ПИО за индивидуални земјоделци | 138.000.000,00 | 136.154.433,00 |
| 712125 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОСМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 0,00 | 11.535,00 |
| 712411 | Придонес за ПИО што го плаќа Агенцијата за вработување на РСМ на невработени лица | 9.500.000,00 | 7.895.994,00 |
| 712412 | Придонес за ПИО за боледување над 21 ден од Фондот за здравствено осигурување | 276.850.000,00 | 247.111.138,00 |
| 712413 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОСМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 1.140.000,00 | 0,00 |
| 712414 | Придонес за ПИО што го плаќа Центарот за социјални работи и надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете | 1.150.000,00 | 0,00 |
| **714** | **ДОМАШНИ ДАНОЦИ НА СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.295.000.000,00** | **1.346.962.019,00** |
| 714212 | Акциза на моторен бензин | 1.295.000.000,00 | 1.346.962.019,00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **132.000.000,00** | **112.715.089,00** |
| **721** | **Претприемачки приходи и приходи од имот** | **0,00** | **251,00** |
| 721311 | Камати од депозити во комерцијални банки | | 251,00 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **26.000.000,00** | **27.271.724,00** |
| 723911 | Закупнини од објекти | 26.000.000,00 | 27.271.724,00 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **106.000.000,00** | **85.443.114,00** |
| 7259 | Останати неданочни приходи | 106.000.000,00 | 85.443.114,00 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **4.000.000,00** | **3.547.127,00** |
| **734** | **Приходи од дивиденди** | **4.000.000,00** | **3.547.127,00** |
| 734111 | Дивиденда по основ на акции стекнати од трансформацијата | 4.000.000,00 | 3.547.127,00 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **29.399.000.000,00** | **29.391.980.994,00** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **29.399.000.000,00** | **29.391.980.994,00** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 121.500.000,00 | 115.449.114,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РСМ | 29.277.500.000,00 | 29.276.531.880,00 |
| | | | |
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **5.000.000,00** | **16.856.414,00** |
| **771** | **Продажба на хартии од вредност** | **5.000.000,00** | **16.856.414,00** |
| 771212 | Приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 5.000.000,00 | 16.856.414,00 |
| | | | |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **68.645.000.000,00** | **68.544.213.452,00** |
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **68.645.000.000,00** | **68.544.213.452,00** |
| **40** | **Плати, наемнини и надоместоци за вработените** | **233.000.000,00** | **232.192.272,00** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 168.298.000,00 | 167.915.494,00 |
| 402 | Придонес за социјално осигурување од | 62.402.000,00 | 62.045.751,00 |
| 404 | Надоместоци | 2.300.000,00 | 2.231.027,00 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **143.332.000,00** | **120.454.610,00** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.880.000,00 | 874.585,00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и | 52.497.000,00 | 50.931.033,00 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за | 11.304.000,00 | 10.591.838,00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 29.043.000,00 | 26.174.049,00 |
| 425 | Договорни услуги | 29.520.000,00 | 28.259.997,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 19.088.000,00 | 3.623.108,00 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **16.168.000,00** | **15.013.904,00** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 2.000.000,00 | 472.777,00 |
| 464 | Разни трансфери | 2.010.000,00 | 1.366.697,00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 12.158.000,00 | 13.174.430,00 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **68.226.000.000,00** | **68.153.124.440,00** |
| **472** | **Плаќања на бенефиции од Фондот на ПИОСМ** | **68.226.000.000,00** | **68.153.124.440,00** |
| 472110 | Плаќања до пензионери од Фондот на ПИОСМ | 53.867.000.000,00 | 53.912.048.266,00 |
| 472210 | Плаќања до инвалидите од Фондот на ПИОСМ | 4.000.000,00 | 3.774.175,00 |
| 472310 | Плаќање по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | 7.075.000.000,00 | 7.007.817.737,00 |
| 472410 | Придонес за здравствено осигурување на | 6.830.000.000,00 | 6.827.334.262,00 |
| 472910 | Исплати за солидарен фонд за починати корисници | 450.000.000,00 | 402.150.000,00 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **26.500.000,00** | **23.428.226,00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 11.900.000,00 | 11.283.342,00 |
| 481 | Градежни објекти | 8.470.000,00 | 7.135.452,00 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 4.600.000,00 | 3.606.884,00 |
| 486 | Купување на моторни возила | 1.530.000,00 | 1.402.548,00 |

**Член 3**

Извештајот за финансиското работење на Фондот за 2018 година со остварените приходи и извршените расходи е составен дел на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-1130/1
27 .02.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВЕН ОДБОР,
Боро Варошлија

## ИЗВЕШТАЈ

за финансиското работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2018 година

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2018 година, како и Ребалансот на Буџетот за 2018 година, донесен на 11 ноември 2018 година како составен дел на Буџетот на Република Македонија, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Основ за баланс меѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори за зголемување на приходите од придонесите за 4,5% (2,4% од предвидениот пораст на платите и 2,1% пораст на вработеноста) и обезбедување средства од Буџетот на Републиката за редовните обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Платите и вработеноста, како и нивниот пораст, се најзначаен фактор по кој се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и значајно влијаат на износот на остварените приходи на Фондот.

Со Буџетот на Фондот за 2018 година, беше предвидено да се остварат вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 67.985,00 милиони денари. Стручната служба на Фондот редовно ја следеше финансиската состојба и констатира дека во првото и второто тримесечје од 2018 година, планираните приходи се извршуваа во предвидениот обем, а расходите за исплата на пензиите се извршуваа зголемено над планираните средства со Буџетот на Фондот за 2018 година.

Во периодот јануари–септември 2018 година, имаше неостварување на планираните приходи и расходи и Фондот имаше недостиг од средства во износ од 422,55 милиони денари, поради што користеше позајмица од Буџетот на Републиката за исплата на пензиите, а која редовно ја враќаше во тековниот месец од приливите. За констатираните состојби беа известени надлежните министерства, кои ги отпочнаа активностите во нивна надлежност за

подготвување на измените и дополнувањето на Буџетот на Фондот и Буџетот на Републиката за 2018 година.

Од овие причини, се пристапи кон измена и дополнување на Буџетот на Фондот за 2018 година. Измените и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2018 година почнаа да се применуваат од ноември 2018 година.

Со измените и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2018 година вкупните приходи и вкупните расходи се зголемија за 660,00 милиони денари и истите се оценија на 68.645,00 милиони денари. Измените на Буџетот за 2018 година во делот на приходите се однесуваа на зголемување на трансферните средства од 136,50 милиони денари, а исто така, се зголемени и приходите од придонесите за 517,50 милиони денари, за 5,00 милиони денари приходите од акции, за 1,00 милион денари приходите од дивиденда, или вкупни 660,00 милиони денари, додека во делот на расходите зголемени се средствата за задолжително финансирано пензиско осигурување за 404,00 милиони денари, за 200,00 милиони денари средствата за исплата на пензии, за 56,00 милиони денари придонесот за здравство, за 10,07 милиони денари се зголемени сресствата за исплата по извршни исправи, а за 10,07 милиони денари се намалени средствата за стоки и услуги.

Фондот покрај трансферните средства од Буџетот на Републиката утврдени со Буџетот на Фондот за 2018 година, користеше и дополнителни средства во вид на позајмица. Висината на позајмицата во периодот јануари-декември 2018 година се движеше од 250,00 милиони денари во јануари, 350,00 милиони денари во февруари, 300,00 милиони денари во март, 450,00 милиони денари во април, 550,00 милиони денари во мај, 350,00 милиони денари во јуни, 350,00 милиони денари во јули, 200,00 милиони денари во август, 200,00 милиони денари во септември, 250,00 милиони денари во октомври, 350,00 милиони денари во ноември и 350,00 милиони денари во декември 2018 година, или во просек позајмицата изнесуваше 329,00 милиони денари месечно.

Во 2018 година, вкупните приходи на Фондот без пренесените парични средства од 2017 година (во износ од 1.353,45 милиони денари), изнесуваат

68.852,47 милиони денари и истите се над нивото на планираните приходи (100,30%) со Ребалансот на Буџетот на Фондот за 2018 година, а во споредба со 2017 година кога изнесуваа 65.319,96 милиони денари, повисоки се за 5,41%.

Вкупните расходи на Фондот во 2018 година, изнесуваат 68.544,20 милиони денари и истите се на ниво на планираните (99,85%), а во споредба со 2017 година кога изнесуваа 65.148,94 милиони денари, се повисоки за 5,21% или за 3.395,26 милиони денари.

Вкупно остварените приходи на Фондот во 2018 година (68.852,47 милиони денари) заедно со пренесените парични средства од 2017 година (1.353,45 милиони денари) изнесуваат 70.205,92 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваат 68.544,20 милиони денари. Салдото на паричните средства на 31 декември 2018 година изнесува 1.661,70 милиони денари.

## I.Вкупни приходи

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 68.852,47 милиони денари се остварени, и тоа: од изворните приходи, средства во износ од 37.990,40 милиони денари или 55,18% од вкупните приходи, средствата од Буџетот на Републиката, 29.391,94 милиони денари или 42,69%, од акцизите, 1.346,96 милиони денари или 1,96%, 3,55 милиони денари од приходите од дивиденда или 0,005%, 16,86 милиони денари или 0,02% од продажбата на акции и удели и од други приходи, 102,76 милиони денари, или 0,15%.

**1) Изворните приходи на Фондот односно средствата од придонесите ги сочинуваат, и тоа:**

- **Придонесот од плата** кој во 2018 година се пресметуваше по стапка од 18,0% на бруто исплатената платата, е основен и најголем извор на финансирање на Фондот. Во рамките на овој извор на приходи од придонесот од плата, остварени се средства во износ од 36.565,66 милиони денари и истите во однос на планираните со Ребалансот на Буџетот на Фондот бележи зголемување од 0,46%, или 165,66 милиони денари.

Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 53,11%.

Во 2018 година се наплатени вкупно 101,75 милиони денари заостанати придонеси и камати по основ на задоцнети плаќања на придонесите за ПИО до 2008 година, а поради зголемената активност на Одделението за наплата на придонеси.

- **Придонесот од доходот** се пресметува од платите на вработените на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење поради тежината на работата која ја извршуваат и условите во кои работат, според утврдени стапки во зависност од бројот на месеците кои се сметаат во стаж на осигурување со зголемено траење. Овие приходи, во 2018 година изнесуваат 442,61 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 0,64%. Остварените приходи во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот за 2018 година се намалени за 1,43%, или во износ од 6,39 милиони денари.

- **Приходите од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив**, се остварени во износ од 838,08 милиони денари и истите се повисоки за 3,02% во споредба со планираните, а како резултат на повеќе обврзници кои го плаќаат придонесот од оваа категорија на обврзници, односно зголемен број на вработени во приватниот сектор. Овие приходи учествуваат во вкупните приходи на Фондот со 1,21%.

- **Приходите од придонесот кои го плаќаат индивидуалните земјоделци,** се остварени во износ од 136,15 милиони денари. Кај овие приходи во 2018 година се забележува благо намалување од 1,35% во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот, а учеството на овие приходи во вкупните приходи на Фондот изнесува 0,20%.

- **Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок, но кои немаат остварено стаж од намалку 15 години. Во 2018 година, по овој основ се дозначени средства во износ од 7,90 милиони денари и истите во споредба со Буџетот за 2018 година од 9,50 милиони денари, се пониски за 1,60 милиони денари, или се извршени со 83,16%. Овие средства, секоја година се намалуваат,

поради намалувањето на бројот на лицата за кои се плаќа придонес, поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат наврешено 15 години пензиски стаж. Исто така, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Агенцијата за вработување, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување го пресметува и плаќа по стапка од 18,0% на нето наместо на бруто основица, истиот го пресметува на надоместокот (не на основицата од која е пресметан надоместокот). Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,01%.

2. **Приходите од акцизите** се даночни приходи кои се остваруваат како дел од приходите од акциза остварени од продажбата на нафтените деривати. Во 2018 година, остварени се во износ од 1.346,96 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,95%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од акцизата на нафтените деривати. Истите се повиски за 4,01% во однос на планираните средства.

3. **Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 29.391,94 милиони денари, и тоа за следните намени:

- 3.000,00 милиони денари за исплата на редовните обврски остварени под поповолни услови, воени и минимални земјоделски пензии и друго;

-19.419,50 милиони денари за покривање на тековниот дефицит на Фондот;

-6.854,96 милиони денари за транзициони трошоци;

-115,45 милиони денари од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензиите остварени според Законот за АРМ и

- 2,03 милиони денари за исплатени патни трошоци за бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија.

Остварените средства од Буџетот на Републиката се извршени во износ од 99,98% со планираните средства со Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Фондот. Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот, изнесува 42,69%. Средствата од Буџетот на Републиката се втор по големина приход и преставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Во 2018 година, средствата од Буџетот на Републиката, редовно се дозначуваа пред исплатата на пензиите според пресметките на Фондот и имаа значајно влијание врз ликвидноста на Фондот, што овозможуваат редовна исплата на пензиите во воспоставените рокови.

4. **Приходите од дивиденда и од продажба на акции и удели,** во 2018 година се остварени во износ од 20,41 милион денари, и тоа:

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 3,55 милиони денари и изнесуваат 0,005% од планираните средства со Буџетот за 2018 година,

- **Од продажба на акции и удели,** во 2018 година се остварени средства во износ од 16,86 милиони денари и што е повеќе од планираните со Ребалансот на Буџетот за 2018 година, односно за 337,2%, како резултат на заинтересираноста за купување на акции од Фондот од поедини акционерски друштва.

5. **Од другите приходи** остварени се средства во износ од 102,76 милиони денари и истите изнесуваат 77,84% од планираните средства со Буџетот за 2018 година. Другите приходи се однесуваат, и тоа: 17,27 милиони денари од приходи од закупнина, 24,34 милиони денари од надоместок и отштета, 7,46 милиони денари од вратени пензии од странство, 41,58 милиони денари од приходи остварени од минат период, 0,51 милион денари од вратени девизи од пензии во странство, 0,09 милиони денари од вратени средства од приватни фондови, 0,20 милиони денари вратени средства од Солидарен фонд, 9,39 милиони денари од камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО и 1,92 милиони денари од останати приходи.

Остварените средства по видови на приходи се следните:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс на Буџет за 2018 год. | Остварено I-XII 2018 | Индекс 3:2 |
|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Придонес од плата | 36.400,00 | 36.565,66 | 100,46 |
| 2 | Придонес од доход | 449,00 | 442,61 | 98,57 |
| 3 | Приватен сектор | 813,50 | 838,08 | 103,02 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 138,00 | 136,15 | 98,66 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 9,50 | 7,90 | 83,16 |
| | **Вкупно придонеси** | **37.810,00** | **37.990,40** | **100,48** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Приходи од акцизи | 1.295,00 | 1.346,96 | 104,01 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 29.399,15 | 29.391,94 | 99,98 |
| 8 | Други приходи | 132,00 | 102,76 | 77,85 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 4,00 | 3,55 | 88,75 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 5,00 | 16,86 | 337,2 |
| | **Вкупни приходи** | **68.645,00** | **68.852,47** | **100,30** |

Структурата на приходите е дадена во следниот графикон:




Според дадената структура, најголемо е учеството на придонесот од плати од 53,11%, втор по големина е трансферот од Буџетот на Републиката со учество од 42,69%, или по двата основа учеството изнесува 95,8%, додека од сите други приходи учеството изнесува 4,2%.

## II. Вкупни расходи

Вкупните извршени расходи на Фондот во 2018 година, изнесуваат 68.544,20 милиони денари и истите во однос на Буџетот изнесуваат 99,85%.

Расходите во Буџетот на Фондот за 2018 година се однесуваат за: исплатата на пензиите, трансферот на средства за приватнте пензиски фондови, надоместокот за телесно оштетување, надоместоците од инвалидското

осигурување и интернатско сместување на деца инвалиди, придонесот за здравствено осигурување, надоместокот на Стручната служба на Фондот, другите трошоци, капиталните расходи, реконструкцијата на деловните објекти на Фондот и набавката на моторно возило.

1. **Расходите за пензии** изнесуваат 54.227,72 милиони денари, или 79,11% во однос на вкупните расходи, а во однос на планираните средства со Буџетот извршувањето изнесува 99,83%.

Расходите за пензии се однесуваат, и тоа: 53.865,90 милиони денари или 99,33% за исплата на редовните пензии во и надвор од Републиката, 20,92 милиони денари или 0,04% за исплата на минималните земјоделски пензии и 340,90 милиони денари или 0,63% за исплата на воените пензии.

1.1. Расходите за редовните пензии од работничко осигурување во износ од 53.865,90 милиони денари, се под рамките на планираните 99,86%. Зголемувањето на расходите за пензии во однос на 2017 година, се должи на усогласувањето на пензиите од 1,69% од јануари и 1,80% од јули 2018 година. На зголемувањето на расходите за пензии влијаат и промените кои настануваат во износите на пензијата со приливот и одливот на корисниците на пензија, како и приливот на нови корисници на пензија по стапка од 1,56% во споредба со 2017 година.

1.2. Расходите за исплата на пензиите за минималните земјоделски пензии, изнесуваат 20,92 милиони денари и истите се помали од 18,3% во однос на планираните, поради намалување на бројот на корисниците на пензија. Бројот на корисниците на пензија со состојба на 31.12.2018 година, изнесува 215 и истиот во однос на 2017 година (271) е намален за 56 корисници, или за 20,66%.

1.3. Расходите за исплата на воените пензии изнесуваат 358,27 милиони денари и истите се помали од планираните средства за 2,04%. Бројот на корисниците на воена пензија изнесува 1.283 корисници и истиот во однос на 2017 година е намален за 100 корисници, или за 7,2%.

**Бројот на корисници на пензија**, со состојба на 31 декември 2018 и 2017 година изнесува:

| Реден број | Вид на пензија | 31.12.2017 | 31.12.2018 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна пензија | 197.383 | 204.455 | 103,58 |
| 2 | Инвалидска пензија | 36.970 | 35.645 | 96,42 |
| 3 | Семејна пензија | 76.391 | 75.680 | 99,07 |
| | **Вкупно** | **310.744** | **315.780** | **101,62** |
| 4 | Воени пензии | 1.383 | 1.283 | 92,77 |
| 5 | Земјоделски пензии | 271 | 215 | 79,34 |
| | **Вкупно** | **312.398** | **317.278** | **101,56** |

Вкупниот број на корисници на пензија од работничко осигурување во 2018 во споредба со 2017 година, е зголемен за 1,62%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии зголемувањето изнесува 1,56%, поради намалување на корисниците на минималните земјоделски и воени пензии.

Структурата на бројот на корисници на пензија е дадена во следниот графикон:



Во рамките на вкупниот број на корисници на пензија, најголем е бројот на корисниците на старосна пензија, или 204.455 корисници, што претставува повеќе од половина од бројот на корисниците (64,44%). Корисниците на семејна пензија изнесуваат 75.680 корисници со учество од 23,85%, на инвалидска пензија 35.645 корисници и со учество од 11,23%, на воените пензии 1.283 корисници и учество од 0,40% и на минималните земјоделски пензии 215 корисници и учество од 0,07%.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2018 година е остварен кај корисниците на старосна пензија, и тоа од 3,58%, додека кај корисниците на семејна пензија има намалување за 0,93%, кај корисниците на инвалидска пензија има намалување од 3,58%, додека кај воените и земјоделските пензионери има поголемо намалување. Во зголемувањето од 3,58% на корисниците на старосна пензија, влијание има зголемениот број на поднесени и решени барања за остварување на право на старосна пензија, односно исполнувањето на условите за стекнување на правото за пензија.

**Просечните пензии** (од работничко право) по видови на пензии во декември 2018 година изнесуваат, и тоа:

| **Вид на пензија** | **2018 година** |
|---|---|
| Старосна пензија | 15.717 |
| Инвалидска пензија | 13.053 |
| Семејна пензија | 11.563 |
| **Просечна пензија од работничко право** | **14.421** |
| Земјоделска пензија | 7.154 |
| Воена пензија | 21.785 |
| **Просечна пензија од сите корисници на пензија** | **14.445** |

Просечниот износ на пензија (од работничко осигурување) во декември 2018 година, изнесувал 14.421 денар и е резултат на извршеното усогласување на пензиите од јануари 2018година со 1,69% и од јули со 1,80%, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија и на корисниците на кои им престанува правото.

Вкупната просечна пензија со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2018 година изнесува 14.445 денари, и тоа: 15.717 денари од старосна пензија, 13.053 денари од инвалидска пензија и 11.563 денари од семејна пензија.

Учеството на вкупната просечната пензија исплатена за декември 2018 година во просечната плата (25.784 денари за декември 2018 година) изнесува 56,02%.

2. **Расходите за плаќање на придонесите на членовите во приватните пензиски фондови** изнесуваат 7.007,81 милион денари. Овие расходи се извршени на ниво од 99,05% во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот на Фондот и извршени пренамени на средства на поодделни сметки. Бројот на осигурениците - членови во приватните пензиски фондови, на крајот на 31.12.2018 година, изнесува 490.035 членови, односно повеќе за 32.769 членови или 7,2%, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени кои ги исполнуваат условите да бидат членови во Вториот столб. Расходите за плаќање до приватните пензиски фондови изнесуваат 10,22% од вкупните расходи на Фондот.

3. **Расходите за паричен надоместок за телесно оштетување,** изнесуваат 86,49 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 0,13%. Паричен надоместок се исплаќа на 9.831 корисник (1.808корисници со единствено право и 8.023 корисници со остварено право на пензија).

4.**Расходите за надоместоците за правата од инвалидското осигурување** изнесуваат 3,77 милиони денари. Надоместоците од инвалидското осигурување во 2018 година во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот се извршени со 94,25%.

5. **За интернатско сместување на деца инвалиди**, во 2018 година се потрошени средства во износ од 0,42 милиони денари и истите се пониски со планираните средства со Буџетот на Фондот.

6. **За придонесот за здравствено осигурување на корисниците на пензија**, во 2018 година се исплатени средства во износ од 6.827,33 милиони денари, или 9,96% во однос на вкупните расходи и е под нивото на планираните средства со Буџетот на Фондот за 2018 година. Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, стапката на придонес изнесува 13,0% на исплатените пензии. Треба да се напомене дека 252,99 милиони денари остана неплатен придонес за здравствено осигурување, односно како обврска се пренесе да се исплати во јануари 2019 година.

7. **Платите на вработените на Стручната служба на Фондот и надоместоците** во 2018 година изнесуваат 232,19 милиони денари, или 0,34% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените на Стручната служба се под нивото на планираните средства, а упразнетите места на пензионираните работници од Фондот, не се пополнети.

8. **Другите расходи** во 2018 година се извршени во износ од 135,03 милиони денари, или 0,20% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 85,73%. Извршените трошоци се однесуваат, и тоа: 50,93 милиони денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; 10,59 милиони денари за канцелариски материјал, средства за хигиена и материјали за АОП; 26,17 милиони денари за поправки и сервисирање на софтверска и друга опрема, на возила, како и тековно одржување на деловните објекти, 28,26 милиони денари за банкарска провизија, за плати за вработени по договор на дело, за персонален данок за договор на дело, за услуги за копирање и печатење на материјали, плаќање на судски такси, за осигурување на недвижности и права и друго; 3,62 милиони денари за други тековни расходи (за репрезентација, за микрофилмување на податоци за стажот на осигурување и платите во Матична евиденција во Фондот), 0,87 милиони денари за патни расходи и 14,59 милиони денари за исплати по извршни исправи.

9. **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 14,90 милиони денари, кои во споредба со планираните средства за оваа намена (во износ од 16,5 милиони денари) се извршени со 90,3%. Во 2018 година овие средства се потрошени за купување на софтверска, информатичка и канцелариска опрема.

10. **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 7,14 милиони денари, со Буџет беа предвидени 8,47 милиони денари, и тоа, за реконструкција на објектите во Струмица, Битола, М.Брод, Гостивар и Централа – Скопје, како и во домовите за живеење на корисниците на пензија во Гостивар, Автокоманда и Ѓорче Петров – Скопје.

11. **Набавка на моторни возила (1 комбе)** е извршена за потребите на Стручната служба на Фондот, бидејќи немаше соодветно возило за превоз на поголем број службени лица одеднаш и за превоз на кацелариски и други материјали до филијалите и деловниците низ Републиката. Набавката е извршена за износ од 1,40 милиони денари во рамки на предвидените средства.

Вкупните расходи на Фондот се дадени во следната табела:

| ед. рој | Вид на расход | Буџет за 2018 год. | Остварено I-XII 2017 | Остварено I-XII 2018 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии и телесно оштетување | 54.317,00 | 51.906,22 | 54.314,21 | 99,81 | 104,64 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 7.075,00 | 6.253,13 | 7.007,81 | 99,05 | 112,07 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 4,00 | 4,48 | 3,77 | 94,25 | 84,15 |
| 4 | Придонес за здраствено осигурување | 6.830,00 | 6.571,28 | 6.827,33 | 99,96 | 103,90 |
| 5 | Плати и надоместоци | 233,0 | 241,88 | 232,19 | 99,65 | 96,00 |
| 6 | Други расходи, капитални трошоци и реконструкција на деловни објекти | 186,00 | 171,95 | 158,89 | 85,42 | 92,40 |
| | **Вкупни расходи** | **68.645,00** | **65.148,94** | **68.544,20** | **99,85** | **105,21** |

Структурата на вкупните расходи на Фондот е следна:




Во структурата на вкупните расходи, најголемо е учеството на расходите за пензиите и телесното оштетување од 79,24% и за расходот за придонес за здравствено осигурување од 9,96%, или учеството на бруто- пензиите во вкупните расходи изнесува 89,20%. Другите расходи учествуваат, и тоа: 10,22% од плаќањата по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, 0,01% од паричните надоместоци од инвалидско осигурување, 0,34% од платите за вработените и надоместоците и 0,23% од другите расходи.

## III. Финансиски резултат

Во 2018 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 68.852,47 милиони денари и вкупни расходи од 68.544,20 милиони денари, или вишок на приходи во износ од 308,27 милиони денари. Со пренесените парични средства од

2017 година, салдото на паричните средства на 31.12.2018 година изнесува 1.661,70 милиони денари.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Буџетот на Република Македонија за 2018 година, Фондот во целост и навремено ги изврши сите активности согласно законот, односно редовна и навремена исплата на пензиите во првата недела од месецот, како и придонесите за здравство за корисниците на пензија и трошоците на Стручната служба.